# КАРПОШ

# неделен Е - БИЛТЕН

**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
29 јули - 4 август 2019 Билтен бр. 332

# ПОЧНА ИЗВЕДБАТА НА ИНКЛУЗИВНОТО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ВЛАЕ 2

Првото инклузивно детско игралиште во Карпош почна да се изведува во Влае 2, веднаш до плоштадот „Делфина“.

Ова игралиште ќе овозможи рекреација за сите деца, а секоја од справите ќе биде прилагодена и за децата со посебни потреби.

Игралиштето ќе се простира на површина од 450 квадратни метри и ќе бидат поставени десет реквизити: двојна клацкалка, детска двојна лулашка, лулашка за лица со инвалидска количка, специјален кош, мини инклузивен базен за играње со песок на стоење, инклузивен базен за играње со песок на седење (2), мини багерче за копање во базен, вртелешка и детско катче – замок.

При денешниот теренски увид, градоначалникот Стефан Богоев посочи дека ова е прво игралиште од ваков тип во Општината.







- На ова игралиште изготвивме проект за којшто добивме грант од 50.000 евра од Швајцарската агенција за соработка и развој. Ме радува фактот што ова ќе претставува зона каде што различностите ќе се спојат, затоа што сите сме исти, а децата заедно ќе играат и ќе другаруваат. Во близина на игралиштето, во училиштето „Димо Хаџи Димов“ неодамна отворивме и сензорна соба за учениците со попреченост и продолжуваме во оваа насока да ја унапредуваме заштитата и за овие лица, рече Богоев.

Донатор на овој проект е Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за соработка и развој, а истиот беше спроведен преку Центарот за развој на Скопски плански регион.

Во оваа прилика, раководителот на Центарот за развој на Скопски плански регион, Љупчо Кец Мицковски посочи дека ова игралиште е во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“ и за истото биле спроведени повеќе форумски сесии преку кои се вклучиле сите засегнати страни, со цел игралиштата да бидат изградени на соодветни локации.

Целта на локалната самоуправа е да гради локална заедница која нуди можности за сите. Само така ќе имаме посреќно и понапредно општество!

# ПОВЕЌЕ САНКЦИИ И ТЕРЕНСКО ПРИСУСТВО НА ПОЛИЦИЈАТА ЗА ПОБЕЗБЕДЕН КАРПОШ



Безбедноста во Општина Карпош, трките по бул. „Партизански одреди“, уништувањето на урбаната опрема и капацитетите на Полициската станица Карпош беа повод за посетата на Карпош на Заменик претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

За таа цел претходеше работна средба меѓу градоначалникот Стефан Богоев и министерот Спасовски, а се одржа и седница со Локалниот совет за превенција на која се зборуваше за актуелните случувања поврзани со безбедноста во Карпош.

Градоначалникот Богоев го информираше министерот за зголеменото уништување на урбаната опрема на јавните површини (клупите и корпи за отпадоци) и за фактот што локалната самоуправа постојано испраќа пријави до Полициската станица Карпош и бара санкции за сторителите и почести патроли за превенирање на овие појави.

Во изминатиот период, Општината донираше и возило за потребите на ПС Карпош, со цел да се зголеми мобилноста и присуството на терен на полициските службеници.



Спасовски посочи дека на територија на Градот Скопје наскоро ќе започнат да работат 350 нови полициски службеници, а мобилни ќе бидат и нови 12 нови полициски возила. Дополнително, се интензивираат патролите на бул. „Партизански одреди“ и булеварот „Митрополит Теодосиј Гологанов“ со цел да се спречат трките долж булеварите.

Новиот Закон за безбедност во патниот сообраќај, кој би требало да се донесе во текот на годината, предвидува трајно да се справиме со овој горлив проблем, рече министерот Спасовски.

На средбата со Локалниот совет за превенција, кое претставува меѓуинституционалното тело за мапирање на покритичните безбедносни точки на локално ниво, членовите на ова тело имаа можност директно да дискутираат со министерот да ги посочат нивните согледувања околу безбедносните проблеми и патем да добијат соодветни одговори од министерот Спасовски и градоначалникот Богоев.

Меѓудругото, се разговараше и за загадувањето долж Кејот на реката Вардар, а јакнењето на капацитетите на МВР во човечки ресурси ќе придонесе за зголемена присутност на полицијата долж овој потег и спречување на дополнително аерозагадување за време на есенскиот и зимски период, санкционирање на загадувачите (физички и правни лица).

Во Општина Карпош во населбите веќе делуваат десет тима на позорникари, кои работат во смени, во различни делови на локалната заедница.

Сите присутни на Втората седница на Локалниот совет за превенција се согласија дека секој носи одговорност во создавањето на побезбедни населби, односно безбедноста не е само полицијата, туку и граѓаните и сите останати жители. Затоа продолжува меѓуинституционалната соработка и поддршка за да се обезбедат мирни населби, преку постојаните средби со граѓаните и граѓанските организации.

# РЕКОНСТРУИРАНИ ТРИ УЛИЦИ ВО БАРДОВЦИ

Општина Карпош продолжи со реконструкција и целосна изградба на уште пет краци од три улици во населеното место Бардовци. Така, изведувачот Гама градба завршува со поставување на бекатон плочки на крак од улица 10 во должина од 115 метри и широчина од 3,5 метри.

Истиот изведувач, работи и на поплочување на уште два крака од улица 2 и тоа, на левиот крак од должина од 50 метри и широчина од 3 метри, како и на десниот крак од истата улица во должина од 65 метри и широчина од 3,5 метри.

На два крака се работи на поплочување и на улицата 12 и тоа, левиот крак се поплочува во должина од 150 метри и широчина од 3,5 метри, а десниот крак ќе има бекатон плочки од должина од 65 метри и широчина од 3,5 мери.

Сите изведбени работи на овие три улици имаа рок од 30 дена, односно заклучно со крајот на јули.







# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Во име на транспарентноста и отворената комуникација која Општина Карпош ја води со граѓаните, по низата шпекулации и лажни вести кои се проширија, должни сме пред севкупната јавност да ги посочиме следните факти:

Општина Карпош и градоначалникот Стефан Богоев не се вклучени во никакви незаконски активности во врска со случајот „Рекет“.

Во Општина Карпош не е отворен ниту еден предмет, а не е издадено ни одобрение за градење, ниту било каков друг правен акт во врска со споменатиот случај.

Локалната самоуправа има склучено меморандуми со голем број на невладини организации. Меморандумот кој е склучен со Меѓународен сојуз единствено се однесува на давање поддршка за реализација на различни социо – економски активности и третирања на локални прашања. Тој по својата содржина е општ, без никакви финансиски последици за Општината или конкретни други обврски. Врз основа на овој Меморандум, не е реализиран ниту еден проект или некоја активност со Меѓународниот сојуз.

Што се однесува до финансирањето на изборната кампања на градоначалникот Стефан Богоев, веќе е посочено дека сите плаќања се извршени преку наменската сметка за локални избори 2017, на партијата СДСМ и Коалицијата која го поддржа Богоев.

Во ниту една програма на Општина Карпош, ниту во изборната програма на градоначалникот Стефан Богоев, не постои проект „Карпош на вода“. Во оваа насока, не е донесен или изменет ниту еден ДУП, што е достапно и видливо и на нашата веб страница.

Во интерес на отчетноста пред граѓаните, ги повикуваме сите заинтересирани страни, вклучително и пратеникот Антонио Милошоски да дојдат во Општината и да се уверат во сите посочени факти.